РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Уп. бр. 08-33

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014 и 53/16), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од **ЈАТА ЕМОНА производња трговина ин storитве д.о.о**, со седиште на адреса Агрокомбинатска цеста 84, 1000 Љубљана, Словенија, доставено преку полномошник Јасмина Илиева, Јовановиќ, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 24.04.2018 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која **ЈАТА ЕМОНА производња трговина ин storитве д.о.о**, со седиште на адреса Агрокомбинатска цеста 84, 1000 Љубљана, Словенија, има намера да стекне единствена контрола над **БРИНОВКА storитвено подјетје д.о.о**, со седиште на адреса Агрокомбинатска цеста 63, 1000 Љубљана, Словенија со стекнување на удел, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840…03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14 и 53/16), на ден 05.04.2018 година,

**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која ЈАТА ЕМОНА производња трговина ин storitve д.о.о, со седиште на адреса Агрокомбинатска цеста 84, 1000 Љубљана, Словенија („ЈАТА ЕМОНА“), има намера да стекне единствена контрола над БРИНОВКА storitveno podjetje д.о.о, со седиште на адреса Агрокомбинатска цеста 63, 1000 Љубљана, Словенија („БРИНОВКА“) со стекнување на 100% од уделот во БРИНОВКА во смисла на член 12 став 1 точка 2 од Законот за заштита на конкуренција.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

Приоритетна дејност на **ЈАТА ЕМОНА** е производство и продажба на сточна храна, суровина за сточна храна, јајца и живина, растителни производи и продажба на органски ѓубрива. Овие активности се концентрирани на словенечкиот пазар, со извози во Италија и државите на Западен Балкан како Хрватска, Босна и Херцеговина и Србија. ЈАТА ЕМОНА има фирми-ќерки, кои вршат дејност во области кои се комплементарни, дополнителни или различни од таа на ЈАТА ЕМОНА. Две од нив ги извезуваат нивните производи, меѓу другото, и на македонскиот пазар. Тие се ПИВКА Перутнинарство д.д ,Слованија која се занимава со подготовка на комбинирана сточна храна, одгледување на кокошки, колење на животни, подготовка на живина за продажба, преработка и дистрибуција на месо од живина и месни производи од живина и Деламарис д.о.о, Словенија кој се занимава со обработка и конзервирање на риби, лушпари и мекотели.

**ЈАТА ЕМОНА** или која било од нејзините фирми-ќерки немаат регистрирано присуство (регистрирано друштво/подружница/претставништво) во Република Македонија и е присутна само во поглед на живинските производи и месни производи од живина во Македонија, индиректно преку нивните незавсни дистрибутери.

**БРИНОВКА** е холдинг компанија, чија приоритетна дејност е менаџмент на финансиски инвестиции. Главните активности на друштвата во рамки на групацијата на БРИНОВКА се состојат од производство и продажба на црвено месо и производи од црвено месо. БРИНОВКА има удел во друштвото КРАС д.о.о Словенија која произведува месни производи, воглавно од свињи и до помал степен говеда. КРАС д.о.о има сопствени фирми-ќерки во Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија, Македонија, Косово и Италија, кои работат на истата линија на бизнис.

**БРИНОВКА**, преку нејзиното друштво КРАС д.о.о кое директно го поседува, има само една регистрирана фирма-ќерка во Македонија, а тоа е **КРАС Македонија ДООЕЛ Скопје**, Првомајска 6б, стаклара, Скопје, Македонија, која е активна главно на пазарот на продажба на црвено месо и производи од црвено месо во Македонија.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Благој Чурлинов**